**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**БР. 18- 2230/3**
**20.07.2021 год.**
**КРИВА ПАЛАНКА**

**До**
**Службенио лице за посредување со**
**информации од јавен карактер**

**Предмет: Доставување на информација од јавен карактер**
Врска, барање бр.18-2230/2, 20.07.2021г.

Почитувани,

Постапувајќи по Барањето бр. 18-2230/2, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен Весник на Република Северна Македонија " бр. 101/19), примено на ден 20.07.2021 година, а во врска со барање број 18-2230/1, 20.07.2021г. од барателот [redacted], со адреса на живеење ул. 7-ма Бригада бр.[redacted],Битола, мобилен телефон [redacted] и е-адреса: [redacted]@yahoo.com со кое се бараат повеќе информации од јавен карактер и тоа:

1. Врз основа на кој акт Вашата локална самоуправа ги регулира начините за работа на официјалните социјални профили и веб-адреса, поконкретно делот за блокирање, исклучување и забрана за коментирање на граѓаните (**доколку постои актот да се достави електронски запис од истиот**)?

2. Дали Вашата локална самоуправа има опција преку официјалната веб-адреса граѓаните и здруженијата на граѓани да можат да: поднесуваат иницијативи за распишување на локални референдуми; покренуваат граѓански иницијативи; поднесуваат барања за свикување на собири на граѓани и да поднесуваат претставки и предлози до органите на Вашата локална самоуправа (**доколку постојат вакви опции да се достави поединечен линк за секоја од нив**)?

Бараните информации од јавен карактер се од областа на користењето и управувањето на социјалните електронски мрежи кои ги користи општината и веб страницата на општината и тоа:

1. **Информација за точка 1 од барањето:**

Општината нема донесено акт со кој се регулира начинот на работа на официјалните социјални профили т.е вклучувањето и исклучивањето на можноста за коментар и блокирање на одредени корисници.

Од досегашното искуство (во последните 2-3 години) се исклучуваат само крајно навредливи коментари кои поттикнуваат омраза и насилство.

2. **Информација за точка 2 од барањето:**

На официјалната веб страна на општината нема посебна форма за поднесување на иницијативи за распишување на локални референдуми; за покренување на граѓански иницијативи; поднесуваат барања за свикување на собири на граѓани и поднесување на претставки и предлози до органите на Општината. Граѓаните можата своите иницијативи, претставки и предлози да ги доставаат преку каналите за електронска комуникација со општината - https://www.krivapalanka.gov.mk/kontakt или да пријават проблем и да дадат предлог за негово решавање на https://www.krivapalanka.gov.mk/prijavi-problem.

Изготвила: Слаѓана Мицевска
Виш соработник систем инженер

Со почит!

Место и датум : 20.07.2021г.
Крива Паланка

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**
**Раководител**
**Антонио Давитковски**